Обраќање на м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура и претседател на Националната комисија за УНЕСКО – шеф на македонската делегација на 39-тото заседание на Генералната конференција на УНЕСКО
(2.11.2017 год. – Париз)



Почитуван Претседател на Генералната конференција; Почитуван Генерален директор на УНЕСКО; Почитуван Претседател на Извршниот одбор; Почитувани шефови на делегации, Екселенции, дами и господа,

Ми причинува голема чест и задоволство, во името на Владата на Република Македонија и на нејзината делегација, да ве поздравам и да изразам желба за успешна и плодотворна работа на 39-тото заседание на Генералната конференција на УНЕСКО.

Владата на Република Македонија, како држава членка на УНЕСКО, секогаш обрнува големо внимание на соработката со Организацијата и активно ги промовира и ги имплементира нејзините активности и иницијативи во областа на културата, образованието, науката, комуникациите, информациите, програмите за млади и за граѓанското општество, човековите права, како на национално, така и на регионално и меѓународно ниво.

Република Македонија настојува да реализира активна соработка со другите држави членки на УНЕСКО, базирана на демократските принципи за кои се залага Организацијата. Човековите права и слободи се императив за креирање и развој на актуелните политики и практики во нашата земја. Со почитување на културната разновидност и со подигање на свеста за значењето на интеркултурниот дијалог, се стремиме да ги надминеме стереотипите, да ги продлабочиме пријателските и хуманите односи меѓу луѓето во насока на градење похуман свет, отворен за нови облици на конструктивен и креативен дијалог, како една од суштинските заложби на Организацијата.


39e session
Conférence
générale
39th session
General
Conference


GUINEE
MALTE

Ви благодарам за вниманието.